Архивски знак: 0202
Рок на чување: трајно
25.12.2017 година
АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
ЦРВЕН КРСТ
на Република Македонија
Бр. 0202-1287/5
25.12.2017 год.

Врз основа на член 31 и член 74 од Статутот на Црвениот крст на Република Македонија, Раководниот одбор на Црвениот крст на Република Македонија на својата седница одржана на 25.12.2017 година донесе

# ПРАВИЛНИК

## за утврдување на одговорност на Општински организации на Црвен крст/Црвен крст на град Скопје, како и на органи и членови на раководни и управувачки структури и на носители на функции

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредува постапката за утврдување на одговорност на Општински организации на Црвен крст ( во натамошен текст-Општински организации) / Црвен крст на град Скопје, како и на органи и членови на раководни и управувачки структури и на носители на функции, за сторени повреди и мерки кои се изрекуваат.

Член 2

Општинските организации/Црвен крст на град Скопје имаат исти права, обврски и одговорности во остварувањето на целите и задачите на Црвен крст.

Црвен крст на Република Македонија/Општинските организации/Црвен крст на град Скопје, Генералниот секретар, секретарите на Општинските организации/Црвен крст на град Скопје, органите, и членови на раководните и управувачки структури своите права,обврски и одговорности ги остваруваат во согласност со Уставот на Република Македонија, Законот на Црвен крст на Република Македонија и други позитивни прописи, Статутот на Црвен крст на РМ и Статутите на општинските организации/Црвен крст на град Скопје.

Член 3

Права и обврски за надзор и мониторинг врз остварувањето на целите и задачите на Црвен крст на РМ, почитување на Законите, Статутот на Црвениот крст на РМ и општи акти донесени од Собранието и Раководниот одбор на Црвен крст на РМ и од Генералниот секретар на Црвен крст на РМ имаат раководните и управувачки структури и носители на функции и Генералниот секретар на Црвениот крст на РМ

Во зависност од видот на сторената повреда Раководниот одбор и Собранијата на сите организациони нивоа на Црвениот крст на РМ изрекуваат конкретни мерки определени во овој Правилник, према органи и членови на раководни и управувачки структури и носители на функции, Општински организации/Црвен крст на град Скопје.

При повторување на повредите, а во зависност од видот и тежината на сторената повреда, и штетните последици, наместо определена мерка за сторена повреда може да се изрече и друга мерка од овој Правилник.

За сторени казниви дела утврдени со позитивни законски прописи се изрекува определена мерка од овој Правилник, а може да се иницира и постапка пред надлежните државни органи.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 1. Повреди

Член 4

Како повреди се дефинираат и по тежина се рангираат:

1. Непочитување на стандарди за брендирање на Црвениот крст на РМ;

2. Непочитување на договорите склучени помеѓу Црвен крст на РМ и општински организации/Црвен крст на град Скопје;

3. Нестручно и несовесно работење, наведување на раководните органи за донесување на одлуки со кои е предизвикана штета на Црвен крст на РМ, ненавремено извршување на обврските по проекти, ненаменско користење и злоупотреба на средства донирани од Црвен крст на РМ, домашни и странски донатори.

4. Недоставување на записници, извештаи и други известувања за активности и работа на органи на Општинските организации/Црвен крст на град Скопје за активности кои се организираат на државно ниво;

5. Неспроведување на одлуки и програмски активности и неизвршување на задачи и политики на Собранието и Раководниот одбор на Општинската организација/Црвен крст на град Скопје, традиционални манифестации и активности утврдени со Законот и календарот на активности на Црвениот крст на РМ и нереализирање на обврските дадени од генералниот секретар на Црвен крст на РМ за активности кои се организираат на државно ниво, како и за ненавремено донесување или за недонесување на Финансискиот план – Буџет од страна на Црвен крст на град Скопје и општинските организации за наредна година.

6. Непрофесионално работење и несовесно извршување на функцијата;

7. Неспроведување на одлуки и програмски активности и неизвршување на задачи и политики на Собрание и Раководен одбор на Црвен крст на РМ и конфликт на интереси

8. Неспроведување на политики на Црвен крст на РМ и непочитување на Политики за конфликт на интереси, злоупотреба на средства за постигнување на цели на членови на раководни и управувачки структури и носители на функции што за нив како поединци се забранети, и гласање со грубо невнимание или со намера да предизвикаат штета на трети лица или на Националното друштво, неоправдано отсуство на три седници на членови на Раководен одбор во тековен мандат.

9. Сторено дело кое го прави недостоен за член на раководна и управувачка структура и носител на функција;

10. Неправилна распределба на финансиски и материјални средства обезбедени од донатори и Црвен крст на РМ;

11. Неподмирени финансиски обврски кон Црвен крст на РМ, злоупотреба на одобрена финансиска подршка и проектни средства;

12. Непочитување, неостварување и злоупотреба на пренесена надлежност од Црвен крст на РМ на Општински организации/Црвен крст на град Скопје.

13. Неусогласеност на Статути на Општински организации/Црвен крст на град Скопје со Статутот на Црвениот крст на РМ;

14. Самостојно остварување на меѓународна соработка без информирање и вклучување на Црвениот крст на РМ;

15. Непочитување на одлуките и Правилата за спроведување на избори во организацијата на Црвениот крст на РМ;

16. Користење на средства и ресурси за политички или лични цели;

17. Незаконско отуѓување и располагање со имотот на Црвениот крст на РМ;

18. Непостапување и нереализирање на обврските од одлуки, како и од заклучоци и други општи акти од стратешки интерес на Црвениот крст на РМ;

19. Непостапување по акт на Раководниот одбор на Црвен крст на РМ за недавање согласност за именување на секретар на Општинска организација/Црвен крст на град Скопје.

20. Превземање на активности кои не се во согласност со целите и задачите на Организацијата на Црвениот крст на РМ и се штетни за угледот или активностите на Црвениот крст на РМ;

21. Организирање активности со цел промоција на политички партии и наметнување политички ставови;

22. Дискриминација на националност, раса, пол, вера, јазик, општествена положба и политичка определба;

23. Повреда на основните принципи на Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина;

24. Злоупотреба на амблемот и името на Црвениот крст;

25. Повреда на интегритетот на Црвениот крст на РМ;

## 2. Мерки

Член 5

Мерки за констатирани повреди се:

- Разрешување на секретари на Општинска организација/Црвен крст на град Скопје;
- Разрешување на Генералниот секретар на Црвениот крст на РМ;
- Разрешување, отповикување/престанок на мандат и исклучување од членство во Црвениот крст на членови на раководни структури и носители на функции;
- Поврат на средства од одобрена финансиска подршка, проекти и донации;
- Одземање на пренесена надлежност од Црвен крст на РМ на Општинска организација/Црвен крст на град Скопје кои се регулирани по пат на договор;
- Распуштање на Собрание на Општинските организации/Црвен крст на град Скопје;
- Одземање на правото на Општинска организација/Црвен крст на град Скопје на употреба на името Црвен крст и амблемот на Црвениот крст на РМ, а со тоа и престанок со работа на Општинска организација/Црвен крст на град Скопје како составен дел на Црвен крст на РМ;
- Престанок со работа на Општинска организација/Црвен крст на град Скопје.

## 3. Постапка за утврдување на одговорност

Член 6

Постапка за утврдување на одговорност може да иницира Собранието, Претседателот и Раководниот одбор и секретарите на сите нивоа на организациона поставеност на Црвениот крст на РМ.

Член 7

Во зависност од видот на сторената повреда Општинската организација/Црвен крст на град Скопје формира и именува ад-хок Комисија која има задача да го утврди сторителот, тежината на сторената повреда и штетните последици во Општинската организација/Црвен крст на град Скопје.

Во зависност од видот на сторената повреда Црвен крст на РМ формира и именува Ад-хок Комисија која има задача да го утврди сторителот, тежината на сторената повреда и штетните последици во Црвениот крст на РМ/Општинската организација/Црвен крст на град Скопје.

Во рокот утврден во Одлуката за формирање на ад-хок Комисијата врши увид изготвува Извештај со Мислење и го доставува на расправа и одлучување до Раководен одбор одн. Собрание на Општинска организација/Црвен крст на град Скопје/Црвен крст на РМ.

Член 8

За сторени повреди од чл.4 т.1, 2, 3, 4, 5 и 8 од овој Правилник Раководниот одбор на Општинската организација/Црвен крст на град Скопје може да го разреши секретарот на Општинската организација/Црвен крст на град Скопје.

Член 9

Против одлуката за разрешување секретарот на Општинската организација/Црвен крст на град Скопје има право во рок од 8 дена од приемот да поднесе приговор до Раководниот одбор на Црвен крст на РМ.

Член 10

Раководниот одбор на Црвен крст на РМ на прва наредна седница во рок од 30 дена расправа и одлучува по приговорот и донесува конечна одлука.

Член 11

За сторени повреди од чл.4 т.6 и 7 од овој Правилник Раководниот одбор на Црвен крст на РМ може да го разреши Генералниот секретар на Црвен крст на РМ.

Член 12

Против одлуката за разрешување Генералниот секретар има право во рок од 8 дена од приемот да поднесе приговор до Собранието на Црвен крст на РМ.

Член 13

Собранието на на Црвен крст на РМ на прва наредна седница во рок од 30 дена расправа и одлучува по приговорот и донесува конечна одлука.

Член 14

За сторени повреди од чл.4 т.8, 9 и 10 од овој Правилник Собранието на Општинската организација/Црвен крст на град Скопје може да отповика и да им престане мандатот на членови на раководни и управувачки структури и носители на функции во Општинската организација/Црвен крст на град Скопје, како и претставници во Собранието на Црвен крст на град Скопје/Црвен крст на РМ, а може и да ги исклучи од членство доколку не ја отстранат повредата и во утврдениот рок не гиповратат средствата и не ја надоместат штетата.

Член 15

Против одлуката за отповикување/престанок на мандат или исклучување од членство отповикани членови на раководни и управувачки структури и носители на функции или исклучени од членство во Црвениот крст на РМ имаат право во рок од 8 дена од приемот да поднесат приговор до Раководниот одбор на Црвен крст на РМ.

Член 16

Раководниот одбор на Црвен крст на РМ на прва наредна седница во рок од 30 дена расправа и одлучува по приговорот и донесува конечна одлука.

Член 17

Доколку Иницијативата за утврдување одговорност е поднесена од Црвениот крст на РМ, за Иницијативата се информира и учествува во постапката и Генералниот секретар на Црвениот крст на РМ кој против одлуката има право да поднесе приговор до Раководниот одбор на Црвен крст на РМ.

Член 18

Раководниот одбор на Црвен крст на РМ на прва наредна седница во рок од 30 дена расправа и одлучува по приговорот и донесува конечна одлука.

Член 19

За сторени повреди од чл.4 т.11 од овој Правилник Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ може да побара поврат на средства од одобрена финансиска поддршка, проекти и донации од Општински организации/Црвен крст на град Скопје.

Член 20

Против одлуката за поврат на средства од одобрена финансиска поддршка, проекти и донации Општинска организација/Црвен крст на град Скопје. има право во рок од 8 дена од приемот да поднесе приговор до Собранието на Црвен крст на РМ, како второстепен орган.

Член 21

Собранието на Црвен крст на РМ на прва наредна седница расправа и одлучува по приговорот и донесува конечна одлука.

Член 22

За сторена повреда од чл.4 т.12 од овој Правилник Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ донесува одлука за одземање на пренесена надлежност од Црвен крст на РМ на Општинската организација/Црвен крст на град Скопје, регулирана по пат на договор.

Против оваа одлука не е предвидена можност за приговор со оглед дека истата произлегува од договорот за пренесена надлежност и е право на Раководниот одбор.

Член 23

За сторени повреди од чл.4 т.13, 14, 15, 16, 17, 18 и 19 од овој Правилник врз основа на Извештај со Мислење од ад-хок Комисија Раководниот одбор на Црвен крст на РМ му предлага на Собранието на Црвениот крст на РМ распуштање на Собрание на Општинската организацја/Црвен крст на град Скопје.

Член 24

Собранието на Црвен крст на РМ на прва наредна седница расправа по Предлогот на Раководниот одбор на Црвен крст на РМ и донесува конечна одлука.

Член 25

Доколку Собранието на Црвен крст на РМ донесе одлука за распуштање на Собрание на Општинската организација/Црвен крст на град Скопје, Претседателот на Националното друштво во рок од 15 дена распишува вонредни избори во Општинската организација/Црвен крст на град Скопје, со мандат до крајот на тековниот мандатен период.

Член 26

За сторени повреди од чл.4 т.20, 21, 22, 23, 24 и 25 од овој Правилник врз основа на Извештај со Мислење од ад-хок Комисија Раководниот одбор на Црвен крст на РМ му предлага на Собранието на Црвен крст на РМ да го одземе правото на Општинска организација/Црвен крст на град Скопје на употреба на името Црвен крст и амблемот на Црвениот крст на РМ, а со тоа и престанок со работа на Општинската организација/Црвен крст на град Скопје како составен дел на Црвен крст на РМ.

Член 27

До донесување на конечна одлука на Собранието Раководниот одбор на Црвен крст на РМ го ограничува правото на Општинската организација/Црвен крст на град Скопје на употреба на името Црвен крст и амблемот на Црвениот крст на РМ.

Член 28

Собранието на Црвен крст на РМ на прва наредна седница, но не подолго од 90 дена, расправа по Предлогот на Раководниот орган на Црвен крст на РМ и донесува конечна одлука.

Член 29

Против Одлуката на Собранието на Црвен крст на РМ за распуштање на Собранието на Општинската организација/Црвен крст на град Скопје и против Одлуката за одземање на правото за употреба на името Црвен крст и амблемот на Црвениот крст на РМ, Општинската организација/Црвен крст на град Скопје не може да се води судска постапка.

Член 30

Кога Раководниот одбор на Црвен крст на РМ расправа и одлучува по приговор како второстепен орган донесува конечна одлука со 2/3 мнозинство на гласови од присутните членови со право на глас.

Член 31

Кога Собранието на на Црвен крст на РМ расправа и одлучува како едностепен орган или одлучува по приговор како второстепен орган донесува конечна одлука со 2/3 мнозинство на гласови од присутните членови со право на глас.

Член 32

Причините и постапката за распуштање на Собрание на Општински организации/Црвен крст на град Скопје и одземање на правото на Општински организации/Црвен крст на град Скопје за употреба на името Црвен крст и амблемот на Црвениот крст на РМ се уредува со посебен акт.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 33

Пријава за упис на бришење на Општинската организација/ Црвен крст на град Скопје, како составен дел на Црвен крст на РМ, во Централниот Регистар на Република Македонија поднесува овластеното лице за застапување на Црвениот крст на РМ

Член 34

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Член 35

Со донесувањето на овој Правилник престанува да важи Правилникот за утврдување на одговорност на општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје (бр. 02-619/1 од 01.08.2013 година).

**Претседател,**

**Проф.д-р Ромел Велев**